**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

# ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДА

Почитувани,

Министерството за финансии, со адреса на ул.”Даме Груев”, бр.14 – Скопје, има потреба од набавка на услуга – ангажирање на надзорен орган за вршење на стручен надзор и контрола над работите за доизградба, реконструкција и адаптација на објектот на Министерството за финансии “БНТ”.

За таа цел, договорниот орган спроведува отворена постапка на понуди за доделување на договор за јавна набавка на услуга, во согласност со член 64, став 2 и член 121, став 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07 и 130/08), за што објави оглас бр.07/2010.

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да ни достават понуда за горенаведениот предмет на договорот за јавна набавка најдоцна до 10.09.2010 година до 12 часот на горната адреса или директно во писарницата на Министерството за финансии.

Во прилог на оваа покана е тендерската документација која ги содржи сите информации кои ќе помогнат за изработка на понудата. Тендерската документација се состои од следните делови: инструкции за економските оператори, технички спецификации, модел на договор и образец на понуда.

Тендерската документација е објавена и може да се преземе од следнава веб адреса: https://e-nabavki.gov.mk.

Лица за контакт во врска со предметот на набавката: Борче Смилевски, контакт телефон: 3254194 електронска адреса: borce.smilevski@finance.gov.mk, или Ленче Тагасовска, контакт телефон: 3254194 електронска адреса: lence.tagasovska@finance.gov.mk

Отворањето на понудите ќе го изврши Комисијата за јавни набавки. По првичната евалуација на понудите се генерира ранг листа на прифатливи понудувачи кои договорниот орган ќе ги покани да учествуваат на електронската аукција.

Однапред благодариме на соработката.

Во Скопје,
12.07.2010 година

КОМИСИЈА ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
Претседател,
Борче Смилевски